Бр./Nr 12-198/2

03-02-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), 60-та седница, продолжение одржано на 31.01.2022 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-198/1 од 14.01.2020 година, во која се изразува незадоволство од работењето на повеќе државни институции, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, бидејќи во истиот нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност .

Предметот со број 12-198/1 од 14.01.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 14.01.2020 година, поднесена е пријава во незадоволство од работењето на повеќе државни институции и оформен е предмет број 12-198/1 од 14.01.2020 година.

Во пријавата, има наводи кои се однесуваат на повреда на индивидуално право, при што пријавителот потенцира дека се жалел до ---------------суд.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, односно пријавените наводи/ дејствија не претставуваат корупција согласно дефиницијата утврдена во член 2 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. ДКСК нема надлежност да постапува по предмети за кои е поведен судски спор.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М
Одобрил: м-р Ш.С- член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Горан Трпеноски**